*Совет на Град Скопје*
*Këshilli i Qytetit të Shkupit*

04. 04. 2019
03-151/2

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02) и член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” број 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), Советот на Град Скопје на триесет и првата седница, одржана на 27 март 2019 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање на согласност на Годишна сметка на ЈП Градски Паркинг – Скопје, за 2018 година**

**Член 1**

Се дава согласност на Годишната сметка на ЈП Градски паркинг – Скопје, за 2018 година, број 02-131/3 од 28.02.2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје”.

Број 27-3021/1
27 март 2019 година
Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
KËSHILLI I QYTETIT TË SHKUPIT
ПРЕТСЕДАТЕЛ KRYETAR
проф.д-р ЉубицаЈанчева prof.dr. Ljubica Janceva

1000 Скопје, Илинден бр. 82
Република Македонија
тел: +389 02/ 3297-200,3297-207
факс: +389 02/ 3116-169

1000 Shkup, Ilinden nr. 82
Republika e Maqedonisë
tel: 389 02/ 3297-200, 3297-207
faks: +389 02/ 3116-169

02-131/3
28.02.19

Врз основа на член 27 од Статутот на ЈП Градски Паркинг – Скопје, Управниот Одбор во рамки на своите права и овластувања на ден 28.02.2019 година ја донесе следнава:

# ОДЛУКА
## за усвојување на Годишна сметка на ЈП Градски Паркинг-Скопје за период од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година

***Член 1***

Предмет на оваа Одлука е усвојување на Годишна сметка на ЈП Градски Паркинг-Скопје за период од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година, согласно позитивното Мислење кое го даде Надзорниот Одбор за контрола на материјално-финансиското работење на претпријатието.

***Член 2***

Во Годишната сметка на ЈП Градски Паркинг-Скопје за 2018 година е консттаирана следната состојба:

- Вкупно приходи 190.272.074,00 денари
- Вкупно расходи 174.676.128,00 денари
- Бруто Добивка 15.595.946,00 денари
- Добивка по оданочување 13.984.799,00 денари

***Член 3***

Одлуката да се достави до Совет на Град Скопје заради добивање на согланосост

***Член 4***

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесувањето.

ЈП Градски паркинг- Скопје
Скопје, 28.02.2019 година

УПРАВЕН ОДБОР НА
ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ-СКОПЈЕ
Претседател,
Марина Георгиевска

ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-131/3
28.02.2019 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

J.П. ГРАДСКИ ПАРКИНГ
СКОПЈЕ
N.P. Parkingu i Qytetit - Shkup

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ГОДИШНА СМЕТКА 2018

***НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОД 01.01-31.12.2018 ГОДИНА***

# 1. ВОВЕД

## *1.1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ*

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот: | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта Градски Паркинг- Скопје |
| Скратен назив: | ЈП Градски Паркинг- Скопје |
| Седиште на субјектот: | ул. „Македонија" бр.11а |
| ЕДБ на субјектот: | МК 4030003493220 |
| Идентификационен број: | 5808855 |

Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Градски Паркинг- Скопје е основано со Одлука на Совет на Град Скопје бр. 09-3080/1 од 20.10.2003 година, а запишано е во Трговскиот регистар при Основен Суд Скопје 1 во Скопје под трг. број 4500/03 од 13.11.2003 година.

Основач и сопственик на Јавното претппријатие е Град Скопје со седиште на бул. „Илинден" бб и ги има сите права и обврски кои произлегуваат од Законот и другите прописи.

Статутот на ЈП Градски Паркинг- Скопје е донесен со Одлука бр. 1 од 09.01.2004 година на седница на Управен Одбор на Претпријатието.

Согласно потребата од усогласување со законските прописи, а со цел да се овозможи поефикасно и поекономично работење на Претпријатието и негово понатамошно опстојување, Управниот одбор на Јавното претпријатие на седница одржана на ден 04.05.2007 година со Одлука бр. 01-458/3 носи нов Статут на Претпријатието. Стаутот на ЈП Градски паркинг- Скопје е изменет и дополнет со „Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП Градски паркинг-Скопје" со арх. бр. 02-1279/3 од 25.12.2008 година, „Одлука за измена на Статутот на ЈП Градски паркинг-Скопје" арх. бр. 02-892/5 од 25.11.2011 година, „Одлука за измена на Статутот на ЈП Градски паркинг- Скопје" арх. бр. 02-109/8 од 13.02.2013 година, „Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП Градски паркинг- Скопје" арх. бр.02-445/4 од 03.09.2013 година и и „Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП Градски аркинг-Скопје" арх. бр. 02-520/10 од 29.12.2016 година.

Со Статутот на ЈП Градски Паркинг- Скопје поблиску се уредува организацијата и начинот на вршење на дејноста, управувањето и раководењето со Јавното претпријатие, општите акти и постапката за нивно донесување, како и други прашања од значење за извршување на дејноста и работењето на Јавното претпријатие.

## *1.2 ДЕЈНОСТ*

Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Градски Паркинг – Скопје е правно лице кое врши дејност од јавен интерес од областа на сообраќајот како стопанска дејност од јавен интерес за градот Скопје. Во рамки на основната дејност- паркирање односно, регулирање на сообраќај во мирување, претпријатието врши и отстранување на непрописно паркирани и хаварисани возила од јавни површини.

Претежната дејност на Претпријатието е под шифра:
52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз

Покрај претежната дејност Претпријатието е регистрирано да обавува и други дејности:
96.01 Перење и хемиско чистење на текстилни и крзнени предмети
96.09 Останати лични услужни дејности неспомнати на друго место
82.99 Останати деловни помошни услужни дејности неспомнати на друго место
68.20 Издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг)
45.20 Одржување и поправка на моторни возила

Претпријатието обавува и други дејности во согласност со Закон.

Средствата за вршење на дејност се обезбедуваат од:

- Приходи кои ги остварува Претпријатието,
- Субвенции од Буџет на Град Скопје,
- Донации,
- Кредитни средства и други извори на средства во согласност со Закон.

Своето работење и развој Претпријатието го темели на Инвестициона програма за која согласност дава Совет на Град Скопје.

### *1.3 ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ*

Дејноста на Претпријатието е организирана во рамки на Сектори и тоа:

- Сектор Јавни паркиралишта,
- Сектор Пајак,
- Сектор за финансии, сметководствени работи и јавни набавки,
- Сектор за правни и општи работи,
- Сектор за комерција и маркетинг и
- Сектор канцеларија на Директор

Надвор од секторите функционираат следните самостојни одделенија:

- Оддление за внатрешна ревизија
- Одделение за човечки ресурси

Внатрешната организациска поставеност на Претпријатието подетално се уредува со акт „Правилник за организација на Претпријатието“.

Органи на управување на Претпријатието се:

- Управен Одбор,
- Директор и
- Надзорен одбор за контрола на матријално- финансиското работење.

## 2. ВРАБОТЕНИ

Бројот на вработени заклучно 31.12.2018 изнесува 257 лица.

Преку Агенција за времени вработувања ангажирани се 15 лица.

# 3. ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

За период 01.01.2018 - 31.12.2018 година ЈП Градски Паркинг- Скопје оствари приходи во вкупен износ од 190.272.074,00 денари.

Расходите изнесуваат 174.676.128,00 денари.

Финансискиот резултат е позитивен– бруто добивка на износ 15.595.946,00 денари.

Нето добивката по оданочување изнесува 13.984.799,00 денари.

Составен дел на Извештајот за Годишната сметка за 2018 година се:

- Биланс на успех
- Биланс на состојба и
- Даночен биланс

Во нив детално се прикажани финансиските податоци за работењето на Јавното претпријатие.

## *3.1 БИЛАНС НА УСПЕХ*

### *ПРИХОДИ*

Вкупните приходи за период 01.01-31.12.2018 год. изнесуваат 190.272.074,00 денари. Следи структура на приходите со споредливи показатели:

| 2018 *ГОДИНА* | 2017 *ГОДИНА* | *ВИДОВИ НА ПРИХОДИ* |
|---:|---:|---:|
| 147.115.268,00 | 135.428.565,00 | Приходи од Јавни паркиралишта |
| 25.213.459,00 | 22.590.036,00 | Приходи од Сектор пајак |
| 0,00 | 9.035,00 | Приходи од Велосипеди |
| 0,00 | 52.374,00 | Приходи од Електромобили |
| 17.671.382,00 | 20.998.346,00 | Останати приходи |
| 271.965,00 | 557.304,00 | Финансиски приходи |
| 190.272.074,00 | 179.635.660,00 | Вкупно приходи |

## *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА*

По основ услуга за паркирање остварени се следните приходи:

51.009.881,00 ден. Приходи од затворени паркиралишта
80.960.485,00 ден. Приходи од зонско паркирање
15.144.902,00 ден. Приходи од катни гаражи

Приходите од паркирање во истиот период на минатата 2017 година изнесувале:

51.253.402,00 ден. Приходи од затворени паркиралишта
69.258.195,00 ден. Приходи од зонско паркирање
14.916.968,00 ден. Приходи од катни гаражи

Во споредба со истиот период од минатата година приходот од паркирање е поголем за 11.686.703,00 денари или за 8.63 %.

Приходите во 2018 година кај секторот јавни паркиралишта го бележат следното движење:
Кај затворените паркиралишта приходот е на речиси исто ниво како и минатата година.
Кај зонското паркирање регистрираме пораст на приходот за 11.702.290,00 или за околу 16,92% во споредба со минатата година.

Во рамки на зонското паркирање регистрираме зголемен приход по сите основи односно, како по основ смс паркирање, претплати за паркирање, по основ на издадени доплатни карти, неплатено зонско паркирање како и по основ продажба на греб картички во споредба со истиот период од ланската година.

Граѓаните и понатаму најмногу практикуваат плаќањето на паркинг услуга да го вршат по пат на испраќање смс порака поради едноставниот и брз начин на кој се реализира услугата.

Приходите од катните гаражи изнесуваат 15.144.902,00 денари и во споредба со минатата 2017 година се зголемени за 1,53% односно, 227.934,00 бидејќи минатата година е регистриран приход од двете катни катни гаражи на износ 14.916.968,00 денари.

## *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК*

Вкупно остварен нето приход во Сектор Пајак изнесува 25.213.459,00 ден. По основ дневен промет наплатени се 14.733 возила или вредносно 25.158.967,00 денари

додека остатокот од приходот на износ 54.492,00 денари изнесува приход по основ на извршена услуга за подигање на возила по повик од трети лица.

Во споредба со истот период минатата година бележиме пораст на приходот за 2.623.423,00 денари или за 11,61% кога е остварен приход на износ од 22.590.036,00 денари односно, биле подигнати 12.642 возила.

Работењето на Сектор Пајак е условено пред се од соработката со Министерството за внатрешни работи. Други фактори кои влијаат на работењето се: временските услови, исправноста на специјалните возила итн.

Во текот на 2018 година остварена е поуспешна соработката со МВР во споредба со минатата година заради што е остварена поголема реализација од страна на овој сектор.

## ПРИХОДИ ОД ВЕЛОСИПЕДИ, ЕЛЕКТРОВЕЛОСИПЕДИ И ЕЛЕКТРОМОБИЛИ

Не се реализирани приходи по основ изнајмување велосипеди, електровелосипеди и електромобили. Во текот на 2017 година реализиран е симболичен износ на приходи по овој основ односно 9.035,00 денари се остварени од изнајмување на велосипеди и 52.374,00 денари по основ изнајмување елктромобили. Трошоците кои ги продуцираат проектите за мобилност се неспоредливо поголеми од приходите што ги прави истите неатрактивни односно, неекономични за стопанисување. Воедно ниската свест кај граѓаните во однос на правилно ракување и чување на опремата како и немање соодветна законска рамка со која ќе се обезбеди заштита на имотот на претпријатието дополнително ја отежнува примената на овие проекти.

## *ОСТАНАТИ ПРИХОДИ*

Износот на останати приходи е 17.671.382,00ден. Истите произлегуваат од продажба на расходот по пописот за 2017 година при што се реализирани приходи на износ 5.613,00 денари, наплата на отпишани побарувања и обврски 265.630,00; приходи од парични субвенции 15.000.000,00 денари, субвенции и донации дадени во опрема на износ 1.985.174,00 денари евидентирани во согласност со МСС стандардите ( МСС 20- Државни поддршки); приходи од судски трошоци 222.579,00 денари; приходи од наплата на штети 176.127,00денари; дополнително утврдени приходи 14.550,00 денари од наплата на оштетени блокатори кои се користат кај зонското паркирање како и други вонредни приходи на износ од 1.709,00 денари.

## *ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ*

Во групата финансиски приходи кои изнесуваат 271.965,00 денари спаѓаат приходи по основ камата од наплатени тужени побарувања на износ 271.961,00 денари и остатокот на износ 4,00 денари се приходи од позитивни курсни разлики.

# РАСХОДИ

Расходите за 2018 година износуваат 174.676.128,00 денари.

**Споредбен преглед** на трошоците по групи за период 01.01- 31.12.2018 год. со истиот период од минатата година:

| *РЕД. БР.* | *ГРУПА НА ТРОШОЦИ* | *2018 ГОДИНА* | *2017 ГОДИНА* |
|---|---|---|---|
| | | | |
| *1* | Трошоци за суровини и материјали | 12.956.376,00 | 11.245.786,00 |
| *2* | Трошоци за услуги | 40.507.230,00 | 31.381.998,00 |
| *3* | Плата и надоместоци од плата | 104.087.268,00 | 102.698.603,00 |
| *4* | Трошоци за амортизација | 10.141.314,00 | 11.150.258,00 |
| *5* | Останати трошоци на работење | 6.802.978,00 | 6.689.504,00 |
| *6* | Вредносно усогласување на побарувања | 23.77,00 | 97.384,00 |
| *7* | Останати расходи | 148.165,00 | 1.866.658,00 |
| *8* | Финансиски расходи | 9.021,00 | 31.384,00 |
| | *ВКУПНО:* | **174.676.128,00** | **165.161.575,00** |

## *1. ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ*

Првата група трошоци – Трошоци за суровини и материјали изнесува 12.956.376,00 денари. Во оваа група спаѓаат трошоците за потрошни и помошни материјали, средства за чистење, канцелариски материјали, електрична и топлинска енергија, гориво како и трошоците за ставање на инвентар, автогуми и хтз опрема во употреба. Во однос на минатата година оваа група трошоци бележи зголемување за 1.710.590,00 денари или 15,21%. Кај пооделни видови трошоци во групата бележиме намалување како што се трошоците за потрошни и помошни материјали, средства за чистење, и канцелариски материјали односно трошокот за фискални и баркод ролни,за чип и греб картички и слично. Во групата пораст на трошокот бележиме кај трошокот за ХТЗ опрема како резултат на набавка на нова ХТЗ опрема за потребите на вработените во секторот јавни паркиралишта и сектор пајак како и пораст на трошокот за гориво кој сметаме дека во најголем дел е последица на порастот на цените на горивата како и работењето на Сектор Пајак.

## 2. *ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ*

Во оваа група на трошоци спаѓаат: трошокот за ПТТ услуги, фиксна и мобилна телефонија, електронски комуникации- радиофрекфенции, понатаму трошоците за поставување на информативни табли, за тековно одржување на материјалните и нематеријалните основни средства и ситен инвентар, услуги за вршење на градежни работи и бележење, наем односно закуп, комунални услуги – ѓубретарина, вода и слично, трошоци за рекламирање, графички услуги - брендирање, обезбедување - транспорт на пари, администрирање на системот за зонско паркирање, трошок за времени вработувања и други видови на услуги.

Во однос на минатата година евидентираме пораст на трошоците за 9.125.232,00 денари или околу 29,08 %.

Кај следните трошоци бележиме намалување: трошоците за ПТТ услуги, телефонија, комунални услуги одононо трошоците за вода и ѓубретарина, графичките услуги и услугите за обезбедување при транспорт на пари. Кај останатите трошоци во групата бележиме пораст. Имено, во текот на 2018 година извршено е бележење на поголем дел од јавните паркиралишта, за дел од нив набавени се нови информативни табли, како резултат на порастот на прометот кај зонското паркирање зголемен е и трошокот за администрирање на системот за зонско паркирање , зголемен е бројот на ангажирани лица преку агенција за времени вработувања од 10 лица на крајот на 2017 година на 15 лица на крајот на 2018 година ангажирани за потребите на Сектор Јавни паркиралишта и Сектор Пајак.

## 3. *ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ*

Кај трошокот за плати, надоместоци од плата и други трооци бележиме пораст за 1.388.655,00 денари споредено со минатата година. Износот на трошокот за плати варира од повеќе причини: вработувања, пензионирање на вработени, користење боледувања, неплатено отсуство, прекувремена работа, отказ итн. Бројот на вработени во текот на 2018 година е зголемен за 26 лица од кои 19 се вработени во текот на месец Декември. Истите лица беа претходно ангажирани преку агенцијата за времени вработувања за потребите на Сектор Јавни паркиралишта и Сектор Пајак.

По основ надоместоци на вработените во 2018 година исплатени се две отпремнини во вкупен износ од 97.526,00 денари за вработени кои заминале во пензија како и исплатени се јубилејни награди на 12 вработени во вкупен износ од 39.996,00 денари кои имале непрекинат стаж од 10 години во јавното претпријатие

## 4. *АМОРТИЗАЦИЈА*

Трошокот за амортизација изнесува 10.141.314,00 денари.

## 5. *ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА РАБОТЕЊЕ*

Во оваа група спаѓаат следните трошоци: дневници и патни трошоци за службени патувања, други надоместоци на вработените, обуки и слично, надоместоци на органите на управување, трошоци за донации, репрезентација, осигурување, банкарски провизии, трошок за ДДВ, интелектуални услуги, договор на дело, преводи, судски и административни такси, адвокатски и нотарски трошоци, трошоци за огласување, претплата на весници и стручни списанија итн.

Оваа група на трошоци е на речиси исто ниво како и минатата година односно, се забележува незначителен пораст на трошоците за 113.474,00 денари.

Бележиме различно движење на пооделните трошоци во групата на останати оперативни расходи. Во рамките на оваа група ги прикажуваме трошоците и нивните износи. Трошоци кои се помали во однос на минатата година: дневници и патни трошоци- износ 48.321,00 денари, надоместоци на вработените 19.500,00 денари, репрезентација-349.241,00 денари, осигурување 640.597,00денари, интелектуални услуги -380.698,00 пониски се трошоците за ревизорски услуги, услуги за превод, за изработка на проекти, адвокатско нотарски трошоци, трошоци за судски и административни такси– 204.364,00 денари, трошоци за сертификација на работење по ИСО стандарди и слично.

Пораст бележиме кај надоместокот за управен одбор како резултат на поголем број назначени лица во овој орган на управување.Понатаму трошокот за ДДВ кој се должи на обврската за плаќање данок по основ бесплатна услуга за зонско паркирање за станарите на Општина Аеродром а од 01.01.2013 година и на станарите на Општина Центар на кои паркирањето за прво возило им е бесплатно- износ 2.299.441,00 денари.

Во текот на 2018 година реализирана е донација на три специјални пајак возила за потребите на општина Кумано, Штип и Охрид. Се работи за донација од јавен интерес каде трошокот евидентиран по овој основ на износ 167.780,00 денари произлегува од

обврската за плаќање на ДДВ при донирање а се однесува на донациите за Куманово и Штип.

Во 2018 година евидентирани се трошоци по основ софтверски антивирус лиценци и серверски лиценци за заштита и бекап на серверите-350.058,00 денари. Незначителен пораст бележиме кај трошокот за банкарски провизии – 379.618,00, огласување и претплата на стручни весници и списанија - 217.622,00 итн.

## *6. ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА НЕТЕКОВНИ И ТЕКОВНИ СРЕДСТВА*

Во однос на 2017 година оваа група трошоци е помала за 73.608,00 денари. Во текот на 2018 одина дел од ненаплатените побарувања ( по основ на издадени доплатни карти) беа процесирани на нотар. Вредноста на тужените побарувања изнесува 22.800,00 денари.

Евидентирано е вредносно усогласување на залихите на материјали кои се однесуваат на чип картичките за паркинзите кои по пописот беа расходовани. Вредноста на овој материјал изнесува 976,00 денари.

## *7. ОСТАНАТИ РАСХОДИ*

Евидентирани се останати трошоци во вкупен износ од 148.165,00 денари.

Оваа група на трошоци е помала во однос на 2017 година за 1.718.493,00 денари. Евидентирани се трошоците кои произлегуваат од отпис на побарувања во висина од 78.250,00 денари како и рекламации на износ 69.914,00. Во текот на 2018 година не бележиме трошоци за спорови и извршители, вонредни и дополнително утврдени трошоци.

## *8. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ*

Во рамки на финансиските расходи, кои изнесуваат 9.021,00 денари, спаѓаат: трошокот за казнена камата на износ 8.292,00 денари и се однесува за задоцнето плаќање на сметки за вода, струја,телефон и други обврски како и 729,00 денари по основ негативни курсни разлики.

## *3.2 БИЛАНС НА СОСТОЈБА*

### *ОСНОВНИ СРЕДСТВА СО СОСТОЈБА 31.12.2018 ГОДИНА*

ЈП Градски Паркинг – Скопје заклучно 31.12.2018 година располага со основни средства чија сегашна вредност изнесува 43.883.372,00 денари.

Во текот на 2018 година Претпријатието инвестираше во набавка на следните основни средства, опрема и инвентар во вредност од 15.483.060,00 денари:

- адаптација со комплетно опремување на деловни простории на два ката во катната гаража Беко
- Специјално возило пајак Мерцедес Атего 1221
- Шлеп возило Мерцедес Атего 918
- Преносен персонален компјутер
- Систем за видео надзор во катна гаража Беко
- Сиситем за видео надзор во катна гаража 26-ти Јули
- Систем за видео надзор во депо на Сектор пајак

### *ЗАЛИХИ*

Вредноста на залихите изнесува 1.587.366,00 денари.

Од нив 881.587,00 денари претставуваат залихи на суровини и материјали односно, се однесува на следните ставки: канцелариски материјал,чип и греб картички, репрезентативни средства за потребите на кујната, средства за чистење итн.

Залихата на ситен инвентар изнесува 296.633,00 денари и претставува залиха од велосипеди, паркинг клешти, канцелариски мебел, блокатори и друг инвентар. ХТЗ опрема има на залиха во вредност од 394.850,00 денари и автогуми на залиха во вредност од 14.296,00 денари.

### *ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА*

Состојбата на трансакциските сметки со кои располага претпријатието збирно на 31.12.2018 како и девизната сметка, благајна и виза картичка бележи вкупен износ од 30.241.658,00 денари.

Побарувањата од купувачи изнесуваат 13.948.908,00 денари. Наплатата на истите се врши тековно во наредниот пресметковен периуод.

Вредноста на тужените побарувања изнесува 3.183.470,00денари. Во најголем дел овие побарувања произлегуваат од тужење на коминтенти по доплатни карти заради неплатено зонско паркирање. Постапката за дел од предметите се води во судовите а дел од тужените побарувања во текот на 2012-та и 2013-та година се процесирани директно на нотар. Нивната наплата се врши тековно.

Во текот на 2018 година платена е аконтација на данок од добивка на износ од 1.430.186,00 денари. За овој износ ке се намали обврската за данокот на добивката утврден по годишната сметка.

Побарувања од вработени на износ 155.645,00 денари се однесуваат на задолженија по основ ситни пари на паркиралишта, надминати телефонски лимити на службени телефони, штети од невнимателно ракување со опрема итн.

Побарувања од купувачи со платежни картички на износ 20.211,00 денари се всушност тековните побарувања од деловната банка по основ на дневен промет процесиран по пат на пос терминал а чија наплата се врши редовно секој нареден работен ден.

## *АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА*

На сметките од група 19 евидентирани се трошоци на износ 735.280,00 денари а кои ќе се реализираат во наредните периоди.Станува збор за трошоци за осигурување 136.077,00 денари, 136.018,00 денари се трошоци за претплати за стручни весници и списанија и за платени такси на нотари и извршители 463.185,00 денари.

## *ОБВРСКИ*

Претпријатието нема долгорочни обврски.

По основ краткорочни обврски должи севкупно 25.019.234,00 денари. Во износот како најзначајни ќе ги издвоиме: обврските кон добавувачите - износ 7.270.760,00 денари, обврска за ДДВ за месец Декември на износ 2.122.027,00 денари, обврска за данок од добивка на износ 311.660,00,00 денари, обврска за комунална такса кон Град Скопје на износ 14.942.622,00 денари како и други тековни месечни обврски.

Исплатата на обврски се врши тековно во наредниот пресметковен период, при што обврската за комунална такса за 2018 година претпријатието ја плати во целост во текот на месец февруари 2019 година .

## *ОДЛОЖЕНИ ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ*

Износот на оваа категорија е 16.626.189,00 денари.

Пресметани трошоци кои се однесуваат на нареден пресметковен период односно кои временски ги разграничуваме изнесуваат 398.859,00 денари. Тоа се трошоци по фактури за комуналии, огласи,обезбедување исл.

Приходи по основ извршени плаќања за услуга за паркирање а кои се однесуваат за наредниот пресметковен период изнесуваат 3.064.458,00 денари. Други одложени приходи по основ претплати се на износ 200.679,00 денари.

Во рамките на оваа група евидентирани се и приходи по основ субвенции и донации од Градот при што доделени се средства во опрема и во пари наменски за набавка на опрема. Овие приходи се евидентираат во согласност со МСС стандардите на сметките за временско разграничување при што нивниот износ за 2018 година е 12.962.193,00 денари. Од овој износ десет милиони денари се финансиски средства што Претпријатието ги има добиено од својот основач Град Скопје со цел развој и унапредување на проектот „Скопје изнајми велосипед". Проектот е воведен со примарна цел велосипедот да се користи како превозно средство , особено во централното градско подрачје. Исто така, целта на проектот е велосипедите да се употребуваат за рекреативни и туристички потреби како и за подигање на јавната свест за промена на навиките на граѓаните за употреба на алтернативните средства за јавен транспорт, а со тоа се придонесува и за заштита на животната средина. Со оглед на тоа што проектот не доби поддршка од Светска банка , се планира за овие средства да се побара пренамена во Буџетот на Град Скопје како би можеле да се искористат за реализација на капитални инвестиции на претпријатието.

# 4. ЗАКЛУЧОК ЗА РАБОТЕЊЕТО И ИДНИОТ РАЗВОЈ НА ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ

Претпријатието во 2018 година оствари позитивен финансиски резултат добивка по оданочување на износ 13.984.799,00 денари

Сметаме дека добивката е резултат на зголемување на приходите како во Секторот јавни паркиралишта така и во Сектор Пајак, следење и контрола на висината на трошоците секаде каде е возможно како и финансиската поддршка која претпријатието ја доби од основачот Градот Скопје во форма на субвенции за потешкотии во работењето.

Се внимава на навремена исплата на обврските кон добавувачите и даночните обврски, обврските кон вработените за плати и придонеси како и обврските кои произлегоа од реализација на капиталните инвестиции на претпријатието .

Очекуваме добрата соработка со нашиот основач Град Скопје да продолжи и во иднина и да се превземат мерки со кои ќе се надминат гореспоменатите потешкотии како би можело претпријатието и понатаму да остварува позитивни резултати во работењето.

ЈП Градски Паркинг – Скопје
Датум: 28.02.2019 година

Изработил:
Катерина Палитова

ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ- Скопје

Директор
М-р Борче Јакимовски

# БИЛАНС НА УСПЕХ

## ЗА ПЕРИОД ОД 01 ЈАНУАРИ ДО 31 ДЕКЕМВРИ 2018 ГОДИНА

| ***ПРИХОДИ – кл. 7*** | ***2018 ГОДИНА*** | ***2017 ГОДИНА*** |
|---|---|---|
| | | |
| *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА* | 147,115,268.00 | 135,428,565.00 |
| | | |
| *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК* | 25,213,459.00 | 22,590,036.00 |
| | | |
| *ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА РАСХОД* | 5,613.00 | 2,072.00 |
| | | |
| *ПРИХОДИ ОД ИЗНАЈМУВАЊЕ НА ВЕЛОСИПЕДИ* | 0.00 | 9,035.00 |
| | | |
| *ПРИХОДИ ОД ИЗНАЈМУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРОВЕЛОСИПЕДИ* | 0.00 | 0.00 |
| | | |
| *ПРИХОДИ ОД ИЗНАЈМУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРОМОБИЛИ* | 0.00 | 52,374.00 |
| | | |
| *ОСТАНАТИ ПРИХОДИ* | 17,665,769.00 | 20,996,274.00 |
| | | |
| *ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ* | 271,965.00 | 557,304.00 |
| ***ВКУПНО ПРИХОДИ:*** | **190,272,074.00** | **179,635,660.00** |
| | | |
| *РАСХОДИ – кл.4* | | |
| | | |
| *ТРОШОЦИ НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ* | 12,956,376.00 | 11,245,786.00 |
| | | |
| *ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ* | 40,507,230.00 | 31,381,998.00 |
| *ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И* | | |
| *ДРУГИ ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИ* | 104,087,268.00 | 102,698,603.00 |
| | | |
| *ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА* | 10,141,314.00 | 11,150,258.00 |
| | | |
| *ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ* | 6,802,978.00 | 6,689,504.00 |
| | | |
| *ВРЕДН.УСОГЛАС. НА НЕТЕК. И ТЕКОВ.СРЕДСТВА* | 23,776.00 | 97,384.00 |
| | | |
| *ОСТАНАТИ РАСХОДИ* | 148,165.00 | 1,866,658.00 |
| | | |
| *ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ* | 9,021.00 | 31,384.00 |
| ***ВКУПНО РАСХОДИ:*** | **174,676,128.00** | **165,161,575.00** |

# ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

| *ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ* | *2018 ГОДИНА* | *2017 ГОДИНА* |
|---|---|---|
| | | |
| Вкупно приходи | 190,272,074.00 | 179,635,660.00 |
| Вкупно расходи | 174,676,128.00 | 165,161,575.00 |
| Добивка | 15,595,946.00 | 14,474,085.00 |
| Данок од добивка | -1,611,147.00 | -1,527,160.00 |
| Добивка по оданочување | 13,984,799.00 | 12,946,925.00 |
| | | |

# БИЛАНС НА СОСТОЈБА

## ЗА ПЕРИОД ОД 01 ЈАНУАРИ ДО 31 ДЕКЕМВРИ 2018 ГОДИНА

| АКТИВА | 2018 ГОДИНА | 2017 ГОДИНА |
|---|---|---|
| | | |
| 1. ОСНОВНИ СРЕДСТВА | 43,883,373.00 | 38,700,450.00 |
| кл. 00 | | |
| | | |
| 2. ЗАЛИХИ | | |
| кл. 3 | 1,587,366.00 | 2,054,017.00 |
| | | |
| 3. ОБРТНИ СРЕДСТВА | 44,367,162.00 | 34,613,228.00 |
| кл. 1 | | |
| | | |
| 3. ОБРТНИ СРЕДСТВА | 44,367,162.00 | 34,613,228.00 |
| кл. 1 | | |
| | | |
| 4. АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА | 735,281.00 | 711,431.00 |
| кл. 1 гр. 19 | | |
| **ВКУПНО АКТИВА:** | **90,573,182.00** | **76,079,126.00** |
| **ПАСИВА** | 2018 ГОДИНА | 2017 ГОДИНА |
| | | |
| 1. ЗАПИШАН КАПИТАЛ | | |
| **Државен јавен капитал** | 153,053.00 | 153,053.00 |
| **Останат капитал** | 0.00 | 0.00 |
| | | |
| **2. Законски резерви** | 15,305.00 | 15,305.00 |
| | | |
| **3. АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА од претходни години** | 34,774,602.00 | 21,827,676.00 |
| | | |
| **4. ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ – ДОБИВКА** | 13,984,799.00 | 12,946,925.00 |
| | | |
| **5. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ** | 25,019,234.00 | 23,427,793.00 |
| **кл.2** | | |
| **6. Одложени плаќање на приходи и расходи** | 16,626,189.00 | 17,708,374.00 |
| **ВКУПНО ПАСИВА:** | **90,573,182.00** | **76,079,126.00** |